*Наташа СТАНОЈКОВСКА-ТРАЈКОВСКА* **УДК: 364.622–53–053.2 (497.711)**

# ЕФЕКТИ ОД ТРЕТМАН НА ДЕЦА СО УМЕРЕНА И ТЕШКА ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ДНЕВНИ ЦЕНТРИ

***Кратка содржина***

*Процесот на деинституционализација повлече низа измени во системот на социјална заштита во Република Македонија. Институционалната заштита е заменета со вонинституционалните форми на заштита и децата со посебни образовни потреби се сместени во нивните биолошки семејства или згрижувачки семејства, а во исто време се опфатени со третман во центрите за дневно згрижување.*

*Овие дневни центри функционираат како центри за третман на деца со умерена и тешка интелектуална попреченост, но и поддршка на семејствата за тие да можат непречено да ги извршуваат своите работни и семејни обврски. Со своите активности насочени кон самите корисници, семејствата на корисниците, но и средината во која функционираат овие центри придонесуваат за полесна социјализација, адаптација, поттикнување на самостојноста, развој на социјалната писменост, како и корекција на моториката, говорот и развојот на когнитивните функции на децата опфатени со третман во нив.*

*Истражувањето е спроведено со цел да го испитаме задоволството на родителите на децата со умерена и тешка интелектуална попреченост, корисници на услугите од дневните центри за деца со интелектуална попреченост во Скопје, Куманово и Велес, врз основа на процена на параметрите наведени погоре.*

**Клучни зборови:** *ДЕЦА СО УМЕРЕНА И ТЕШКА ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ, ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНА ЗАШТИТА, ДНЕВНИ ЦЕНТРИ, ЕФЕКТИ ОД ТРЕТМАН.*

Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост е установа во која се остварува правото на дневно и привремено прифаќање и згрижување на лицата со интелектуална попреченост како форма на вонинституционална заштита. Во член 132 од Законот за социјална заштита се одредуваат видовите установи за социјална заштита за вонинституционална заштита и гласи:

*„Установи за социјална заштита за вонинституционална заштита се:*

- *Центар за социјална работа;*
- *Дневен центар и клубови за стари и возрасни лица;*

- *Дневен центар за улични деца – деца на улица;*
- *Дневен центар за лица што употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции и прекурзори;*
- *Дневен центар за лица што злоупотребуваат алкохол или се лекуваат од зависност од алкохол;*
- *Центар за лица бездомници;*
- *Центар за лица жртви на семејно насилство;*
- *Центар за лица жртви на трговија со луѓе;*
- ***Дневен центар за лица со ментална или телесна попреченост;***
- *Центар за давање помош во домашни услови;*
- *Мал групен дом; и*
- *Советувалиште*".

Во член 146 е дефинирано значењето на Дневниот центар за лица со ментална или телесна попреченост како форма на вонинституционална заштита: ***„Дневниот центар им обезбедува на лицата со умерени и тешки пречки во менталниот развој и на лицата со тешки пречки во телесниот развој дневно згрижување, работно-производна активност, работна терапија и други активности на овие лица и може да врши оспособување за работно-производна активност, заради нивно вклучување во секојдневниот живот"***.

Интересот за проучување на вонинституционалната заштита особено е истакнат во последните години како тренд прифатен во сите развиени европски држави, како и во земјите во опкружувањето. Ефектот од вонинституционалната заштита може веќе да се воочи по резултатите што се јавуваат со вонинституционален третман, наспроти институционалниот третман. Најважно од сè е дека децата остануваат во своите биолошки или згрижувачки семејства, во топла емоционална и семејна средина, опкружени со грижа и внимание од родителите или старателите.

Според анализата на Димкова во нејзиниот магистерски труд (2012), вкупниот број корисници во моментот на истражување изнесува 377 корисници, дневен центар со најголем број корисници е Дневниот центар во Куманово, со вкупно 27 корисници, додека центар со најмал број корисници е Дневниот центар „Насмевка" во Скопје, кој е организациска единица при Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Топанско Поле. Просечниот број корисници во еден дневен центар изнесува 16,39 корисници. Структурата на вработените лица во дневните центри во Република Македонија е составена од: дефектолози – 20,54%, психолози – 10,71%, социјални работници – 14,29%, физиотерапевти – 7,14%, медицински сестри – 20,54%, социолози – 2,68% и други (каде што се вбројуваат педагози, негуватели, воспитувачи, готвачи, возачи итн. – 24,11%). Најзастапен кадар во дневните центри се дефектолози и медицински сестри, потоа социјални работници и психолози. Најголем број вработени има во Дневниот центар во Кавадарци – вкупно 9, додека најмалку, односно само еден вработен, има Дневниот центар „Насмевка", сместен во Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Топанско Поле, кој по потреба може да ги користи ресурсите од горенаведениот Завод.

Магистерскиот труд на Ѓурчиновска (2007), што го следи развојот на децата кои со процесот на деинституционализација се излезени од Специјалниот завод од Демир Капија и сместени во згрижувачки семејства, дава податоци дека најголем број деца што се вонинституционално згрижени посетуваат центар за дневно згрижување. Од 30 деца што беа предмет на ова истражување, центар за дневно згрижување посетуваат 36,7%, уште 26,6% се прифатени во дневен центар или во одделот за едукација во Топанско Поле (децата што се сместени во семејства во Скопје и две деца на продолжен физиотерапевтски и едукативен третман во Заводот за заштита и рехабилитација во Бања Банско). Поголемиот дел од останатите деца што се сместени во семејство во Прилеп, Крушево и во Македонски Брод не се прифатени во центри за дневно згрижување зашто во Центарот во Прилеп нема слободни места, а во Крушево и во Македонски Брод нема центри за дневно згрижување. Од овие податоци може да се забележи дека и по сместувањето во биолошки или згрижувачки семејства, кај најголем дел третманот и понатаму продолжува и се води сметка за нивниот психомоторен, но и социјален развој. Децата и по излегување од проектот за деинституционализација и сместување во згрижувачко семејство напредуваат во зависност од нивните преостанати способности и можности. Центрите за дневно згрижување во голема мера придонесуваат за тој позитивен тренд на напредок кај децата.

Во истражувањето на Станојковска-Трајковска (2010), што се однесува на сместување деца со посебни образовни потреби во згрижувачки семејства, како форма на вонинституционална заштита, 88,9% стручни лица од центрите за социјална работа низ Република Македонија сметаат дека има позитивни промени во развојот на децата од моментот кога се излезени од институција и сместени во згрижувачко семејство (Станојковска-Трајковска, 2010). Истото истражување укажува дека, за жал, 43% од децата со посебни образовни потреби што се наоѓаат во згрижувачки семејства не се опфатени со третман, 30,8% се опфатени со третман во дневни центри, 16,8% се наоѓаат во посебни основни училишта, 4,7% во посебни паралелки во редовни основни училишта и 3,7% во посебни средни училишта.

Истражувањето има цел да го испита задоволството на родителите од ефектите што ги има третманот на нивните деца во центарот за дневно згрижување. Поставената цел се операционализира со следниве задачи:

- испитување на задоволството на родителите од промените во расположението на нивните деца, промените во однесувањето на јавни места, како и со членовите од семејството;
- да се испита задоволството од промените во самостојноста на децата во однос на операции што им се потребни за секојдневниот живот;
- да се испита дали по третман во центарот има промени во социјалната писменост;
- да се провери дали третманот придонесува за развој и корекција на говорот.

- да се испита колку третманот доведува до подобрување на мобилноста, односно колку се работи на корекција на моториката и има подобрување во движењето на децата.

Примерокот е пригоден, во текот на истражувањето со помош на прашалници се анкетирани 32 родители на деца со умерена и со тешка интелектуална попреченост и се ограничивме само на корисници до 18-годишна возраст. За ваков примерок се определивме со претпоставка дека повозрасните подолг период се опфатени со третман и веќе кај нив има подобрување во сегментите од нивниот развој што ги проучуваме. Од друга страна, третманот кај децата до 18-годишна возраст очекуваме дека може да понуди најдобри резултати поради фактот дека раниот третман и раната детска возраст нудат најмногу можност за рехабилитација.

За потребите на истражувањето е конструиран анкетен прашалник составен од 14 прашања од затворен тип.

Дополнително е искористен и протокол за спроведување на фокусна група. Во фокусната група се опфатени вработените во дневните центри. Од нив е побарано да го кажат своето мислење за прашањата на кои баравме одговор и од родителите. Нивните искази послужија за да провериме колку се релевантни одговорите од прашалникот наменет за родителите. Направена е комбинација од квалитативни и квантитативни методи со цел да се усогласат наодите до кои се доаѓа со користење на двата пристапа и би требало да биде јасен знак дека наодите се валидни. Тимовите во овие центри за дневно згрижување се составени од дефектолози, социјални работници, психолози, физиотерапевти и медицински сестри. Во фокусните групи беа вклучени вкупно тројца дефектолози, двајца психолози, тројца социјални работници, две медицински сестри и двајца физиотерапевти.

Поради неможноста податоците што ги бараме да ги добиеме од самите деца, побаравме од нивните родители да одговорат на 14 прашања структурирани во нашиот прашалник што го изработивме врз основа на консултирање стручна литература, но и земајќи го предвид она што сметавме дека е потребно да го усвојат децата за да можат да функционираат надвор од овој центар. Предвидовме некои вештини што ги опфаќаат социјализацијата, комуникацијата, адаптабилноста, како и социјалната писменост.

Охрабрува одговорот на нашето прашање што ниту еден родител не смета дека нема промени во расположението на неговото дете од прифаќањето во дневниот центар, но загрижува тоа што половината воопшто не можат да дадат конкретен одговор на ова прашање. Половината од родителите, пак, се задоволни во врска со ова прашање.




*Слика 1. Приказ на задоволството на родителите од позитивни промени во расположението на детето*

Вработените во дневните центри сметаат дека родителите треба во целост да бидат задоволни и навистина децата се најсреќни кога се наоѓаат кај нив. Ова го објаснуваат со тоа дека децата добиваат редовни оброци, опфатени се со третман, но и се заедно со други деца слични на нив. Тие велат дека децата по враќање од викенд, празник или одмор, доаѓаат помалку расположени и со помала телесна тежина.

Во однос на промените во одржување на личната хигиена, родителите се поделени, поголем дел од нив сметаат дека има промени, но има и такви кои велат дека нема никакви или, пак, не можат да се определат за конкретен одговор.




*Слика 2. Приказ на задоволството на родителите од промени во одржување на личната хигиена*

Само четворица од родителите во нашиот прашалник имаат наведено дека имаат посетувано некаква обука што се однесува на деца со пречки во интелектуалниот развој. Вработените сметаат дека доколку родителите имаат поголемо познавање, би им биле добро надополнување на нивниот третман. Тие велат дека сето она што е усвоено кај нив децата го заборавaат во домашни услови. Сметаат дека не е в ред тоа што родителите не ги почитуваат термините предвидени за родителски средби,

но и не бараат индивидуални средби на кои би го покажале интересот за своето дете. Половината од родителите се задоволни од промената во самостојноста во облекувањето, а состојбата со незадоволни и неопределени е повторно иста.

Промени во самостојноста во исхраната забележуваат 24 од 32 родители. И овде вработените сметаат дека родителите не им помагаат во домашни услови, не внимаваат децата да јадат уредно седнати на маса и со прибор како и сите членови во семејството.




***Слика 3.*** *Приказ на задоволството на родителите од промени во самостојноста во исхраната*

Поголем дел од родителите сметаат дека нивните деца умеат да ја одржуваат хигиената на просторот. Вработените, пак, велат дека и овие родители, во најголем дел како и сите други родители, а особено родителите на деца со посебни потреби, се однесуваат премногу заштитнички, па не можат целосно да ги остварат своите зацртани цели. Овде влијае тоа што најголем број родители ги завршуваат работите наместо своите деца, но и тоа што децата имаат дополнителни здравствени проблеми поради што примаат медикаментозна терапија, па и тоа дополнително им ја одзема енергијата за работа.




***Слика 4.*** *Приказ на задоволството на родителите од промени во одржување на хигиената на просторот*

Онаму каде што вработените сметаат дека имаат најмал успех, ориентацијата на времето и просторот, половина од родителите сметаат дека децата го имаат усвоено тоа. Вработените сметаат дека децата единствено добро се ориентираат кога е термин за земање оброк, но ова го објаснуваат како условен рефлекс со тропање на чиниите и приборот за јадење.




*Слика 5. Приказ на задоволството на родителите од промени во ориентацијата во време и простор*

Сите родители сметаат дека има извесно подобрување и дека нивните деца ги препознаваат парите или се служат со нив. Дваесет и двајца од нив велат се задоволни во целост.




*Слика 6. Приказ на задоволството на родителите од промени во користењето пари*

Загрижува податокот дека децата и покрај долгиот третман, според нивните родители, се немаат стекнато со социјална писменост. И навистина децата во најголем број не умеат да ги препознаат основните знаци што ги предупредуваат на опасност или основните симболи што би можеле да им помогнат кога се наоѓаат

надвор или во некој јавен објект, а исто така и не знаат да го напишат или да го препознаат своето име. Вработените го оправдуваат ова со големиот број деца и тоа група со исклучително хетероген состав, па и немаат време да работат доволно со секого од нив индивидуално, но и со немањето доволно нагледни средства и материјали за работа.




***Слика 7.** Приказ на задоволството на родителите од промени во социјалната писменост*

Скоро сите деца од овие дневни центри немаат развиено говор. Родителите сметаат дека има извесно или големо подобрување во нивниот говор. Тимовите од центарите велат дека работат на развој и корекција на говорот, но од голема помош би им бил логопед, кој би бил вработен или, пак, барем повремено ангажиран,.




***Слика 8.** Приказ на задоволството на родителите од промени во развојот на говорот*

Тимовите што работат во овие дневни центри велат дека се трудат максимално да ги социјализираат децата, да ги вклучат во активностите на градинките во кои функционираат, но и да ги однесат децата во зоолошка градина, забавен

парк и сл. Сите овие активности се во зависност од средствата што ги издвојува Министерството за труд и социјална политика или, пак, од повремени донации што ги добиваат. Родителите велат дека по третманот на децата во дневниот центар, има голема промена во однесувањето со други членови од потесното или поширокото семејство. Особено велат дека се чувствува промена во односот со нивните браќа и сестри, кои почнуваат подобро да ги прифаќаат.




*Слика 9. Приказ на задоволството на родителите од промени во однесувањето на јавни места*

Покрај промените во однесувањето на нивното дете со членовите од семејството, родителите сметаат дека децата подобро ги прифаќаат и останатите луѓе со кои се сретнуваат во секојдневниот живот.




*Слика 10. Приказ на задоволството на родителите од промени во однесувањето со членовите на семејството*

Родителите се поделени кога станува збор за работната ангажираност и развојот на работната способност. Ова е многу значајно подрачје кое многу може да придонесе за подобрување на понатамошниот живот на корисниците на дневните

центри. Тимот што работи со нив смета дека доколку имаат дополнително материјали, би можеле да вклучат активности и би можеле да активираат работилници што биноселе приходи многу значајни и за корисниците како стимулација за дополнителна работа, но и за набавка на нови материјали. Кога станува збор за работното ангажирање, повторно вработените сметаат дека родителите не соработуваат доволно и во домашни услови не ги ангажираат доволно своите деца.




*Слика 11. Приказ на задоволството на родителите од промени во работната способност*

88% од родителите сметаат дека кај нивните деца има подобрување во мобилноста, односно во движењето. И вработените велат дека се работи на подобрување и на фината и на грубата моторика. Во Дневниот центар во Скопје, покрај дефектолог, на ова поле работи и физиотерапевт, но во многу активности се вклучени и социјални работници и психолози. Има простор за вежбање, но им недостасува материјал за стимулирање на фината моторика. Тие лично не се задоволни во целост, но фактот дека станува збор за деца кои имаат тешки моторни нарушувања не дозволува да кажат дека се незадоволни.




*Слика 12. Приказ на задоволството на родителите од промени во движењето*

### *Заклучни согледувања и предлози*

Со анализа на податоците добиени од анкетните прашалници, дојдовме до следниве заклучоци:

Родителите се задоволни од третманот на своите деца во дневните центри. Ова го потврдува генералното задоволство во најголем дел од одговорите поставени во нашиот прашалник. Дополнителна потврда е и исказот на стручниот тим, кој вели дека родителите настојуваат децата да го посетуваат Центарот и во летниот период.

Родителите се задоволни од промените во расположението и односот на нивните деца со другите. Најголем дел од родителите сметаат дека во целост се задоволни од промените настанати во расположението на нивното дете. Ова го надополнува и фактот што и вработените велат дека децата се среќни кога се наоѓаат во средина со деца слични на нив.

Родителите сметаат дека по третманот, нивното дете е посамостојно. За порелевантни ги сметаме резултатите добиени со квантитативната обработка на резултатите добиени од прашалникот за родителите, каде што тие во поголем дел сметаат дека децата се самостојни во исхраната, самостојни се во облекувањето и имаат развиена социјална писменост. Интересно е тоа што вработените имаат наполно спротивно мислење и велат дека децата не постигнуваат резултати во овие подрачја.

Родителите сметаат дека нивните деца имаат знаења од социјалната писменост. И родителите и вработените сметаат дека на ова поле не се постигнати задоволителни резултати и дека децата немаат доволно познавања од областа на социјалната писменост.

Родителите се задоволни од корективната работа во движењето на нивните деца. Родителите сметаат дека се работи на ова поле, а тоа го потврдуваат и вработените. Во Дневниот центар во Скопје работи и физиотерапевт, а и опремената сала за терапија нуди можности за корекција на моториката на децата.

Врз основа на интерпретацијата на резултатите, донесените заклучоци и разгледувањето на состојбата, можеме да ги дадеме следниве предлози:

- → потребна е поголема соработка на родителите со стручниот тим од Центарот;
- → потребни се почести родителски средби за да бидат родителите информирани во целост за состојбата, напредувањето и можностите на нивното дете;
- → потребно е организирање почести семинари, работилници и трибини каде што ќе бидат поканети и родителите и на кои би се стекнале со знаење за дополнување на третманот во домашни услови;
- → потребно е издвојување дополнителни средства за социјалната заштита, како и за набавка на нови средства и помагала, за да можат дневните центри непречено да функционираат и да ја реализираат својата цел во целост;

- → поголема информираност и анимираност на широката популација, како и вклучување повеќе активности на овие деца во средината во која функционира центарот;
- → поголема соработка со локалната власт и нивно вклучување во активностите на центарот.

Нивото на развој на секое општество се мери, меѓу другото, и преку неговата грижа за највулнерабилните групи, а оваа задача е уште посложена и уште поделикатна кога е во прашање вниманието на општеството и државата кон децата со пречки во развојот.

Сепак, радува фактот што родителите во голема мера се задоволни од условите што ги нудат дневните центри, за тоа говори и податокот што не постојат разлики меѓу родителите со различна образовна структура и различен пол и дека родителите на децата со умерена интелектуална попреченост се позадоволни од родителите на децата со тешка интелектуална попреченост.

*Литература*


Димкова, М. (2012). Дневни центри за лица со ментална или телесна попреченост во Република Македонија. Магистерски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Ѓурчиновска, Л. (2007). Деинституционализација како предуслов за интеграција во општествената заедница за децата со тешка ментална ретардација. Магистерски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Закон за социјална заштита [Online], Службен весник на РМ бр.79. Скопје; 2002 [25 јуни 2009]; Превземено од: http://www.sakamznammozam.gov.mk/clientControls/upload/Zakon%20za%20socijalna%20zastita.pdf

Кичукова-Голубовска, К., Самојловска, В. (2005). Информација за работата на дневните центри за деца со умерена и тешка интелектуална попреченост. Скопје: ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје.

Котевска, М., Смијловска, В., Кичукова-Голубовска, К., Николова, С., Пендарова, С. (2005). Упатство за начинот на организација и работа на дневен центар за деца и младинци со умерена и тешка интелектуална попреченост. Скопје: ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје.

На патот кон ЕУ: Придонесот на граѓанското општество во креирањето на политиката за социјално вклучување во Република Македонија. Министерство за труд и социјална политика [Online], септември 2008;5 март 2011]; Достапно на URL: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Final_Reports_MAK.pdf

Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност (ревидирана) 2010-2018[Online], Министерство за труд и социјална политика [2 октомври 2011]; Достапно на URL: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/FINALNA%20Revidirana%20Nacionalna%20Strategija.pdf

Национална стратегија за деинституционализација во системот на социјална заштита во Република Македонија (2008–2018) [Online], Министерство за труд и социјална политика, декември 2007[15 октомври 2011]; Достапно на URL: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Nacionalna%20Strategija%20za%20deinstitucionalizacija%20_2008-2018_%20_2_.pdf

Петров, Р., Ѓурчиновска, Л., Станојковска-Трајковска, Н. (2008). Заштита и рехабилитација на лица со инвалидност, Скопје: Филозофски факултет, Институт за дефектологија.

Петров, Р., Копачев, Д., Такашманова, Т. (2004). Деинституционализација на деца со тешка ментална ретардација. Скопје: Филозофски факултет, Институт за дефектологија.

Правилник за нормативи и стандарди за основање и започнување со работа на установи за социјална заштита Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост [Online].Службен весник на РМ бр. 110/2006 [10 мај 2009], Достапно на URL: http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/pravilnik_dc_intelektualna.pdf

Станојковска-Трајковска, Н. (2010). Деца со посебни образовни потреби сместени во згрижувачки семејства во Република Македонија. Магистерски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Танасковска-Јорданова, З. (2002). Заедно е подобро, предлог-проект, во извештајот од работилницата „Дневни центри во практиката: индивидуални планови и вреднување на искуствата и историите на семејствата“. Скопје: Educ Aid.

*Natasha STANOJKOVSKA-TRAJKOVSKA*

## EFFECTS OF TREATMENT OF CHILDREN WITH MODERATE AND SEVERE INTELLECTUAL DISABILITY IN DAY CARE CENTERS

***Summary***

*Process of non-institutionalization withdraws series of changes in the system of social protection in Republic of Macedonia. Institutional protection is replaced by non-institutionalization forms of protection thus children with special educational needs are placed within their biological families or fosters families and in the same time they are included with treatment in day care centers.*

*These day centers are functioning as centers for treatment of children with moderate and severe intellectual disabilities and also provide support to families so they can easily complete their work and family obligations. With their activities pointed to its end users, users families but also the community where they're operating, these day care centers contributes for easy socialization, adaptation, initiating the independence, improvement of social literacy, as well as motility correction, speech and development of cognitive functions of children covered with treatment in these day care centers.*

*The research is conducted with objective to evaluate the satisfaction of parents of children with moderate and severe intellectual disability-users of day care centers services for children with moderate and severe intellectual disability in Skopje, Kumanovo and Veles based on evaluation of the metrics stated above.*

**Key word:** *CHILDREN WITH MODERATE AND SEVERE INTELLECTUAL DISABILITY, NON-INSTITUTIONAL PROTECTION, DAY CARE CENTERS, TREATMENT EFFECTS*